РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД
MINISTRIA E EKONOMISË DHE PUNËS
Бр.-Nr. 08-4441/1
21-08-2025 20 ___ год.-viti
Скопје - Shkup

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД**

**П Р И Л О Г**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за економија и труд |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели (*) |
| Одговорно лице и контакт информации: | Јумни Адеми е-маил: jumni.ademi@economy.gov.mk<br>Марина Арсовска е-маил:marina.arsovska@economy.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☒ Нацрт<br>☐ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ Друго |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | ______. 2025 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за | |

| | |
|---|---|
| општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

Индивидуалните инвеститори – бизнис ангели претставуваат значајни актери во развојот на економијата, особено преку поддршката на стартапи и мали претпријатија кои често се основаат врз иновативни идеи. Во глобалната економија, бизнис ангелите се признаени како клучни двигатели на раст, бидејќи нивната финансиска поддршка е комбинирана со експертиза, менторство и пристап до деловни мрежи.

Во Северна Македонија, економскиот екосистем сè уште се развива, а улогата на бизнис ангелите е маргинализирана поради неколку структурни и регулаторни ограничувања:

- Недоволна правна рамка
  Постојното законодавство не нуди јасна дефиниција или регулација за бизнис ангелите. Ова создава несигурност кај инвеститорите, бидејќи не постои посебна заштита за нивните вложувања, ниту пак поддршка за нивното учество во компаниите. За разлика од развиените економии, каде што улогата на бизнис ангелите е прецизно регулирана (како што е случајот со ЕУ директивите), во Македонија оваа категорија инвеститори е речиси невидлива во институционалните рамки.

- Ограничен пристап до финансирање за стартапи и мали бизниси
  Стартапите и иновативните компании во земјата најчесто се соочуваат со финансиски бариери при започнувањето на својот бизнис. Банкарските кредити се скапи и ретко достапни за млади компании кои немаат долга деловна историја или доволно обезбедување. Ова ја ограничува нивната способност за раст и развој, што резултира со бавен раст на стартап екосистемот.

- Недоволни даночни поттикнувања
  Иако постојат даночни поволности за одредени категории на мали и средни претпријатија, тие не се специјализирани за стимулирање на инвестициите од бизнис ангелите. Во други земји, овие даночни поттикнувања вклучуваат ослободување од даноци на добивка, капитални добивки или дивиденди за одреден период, што служи како значаен мотиватор за инвеститорите.

- Недостаток на организирани мрежи на бизнис ангели

Во напредните економии, бизнис ангелите често се здружуваат во мрежи преку кои разменуваат информации, идентификуваат можности за инвестирање и соработуваат. Во Северна Македонија, ваквите мрежи се ретки или недоволно активни, што го отежнува процесот на вмрежување помеѓу инвеститорите и стартапите.

- Слабо развиена култура на инвестирање
  Инвеститорите честопати избегнуваат високоризични вложувања, како што се стартапите, поради недоволна информираност за можностите и придобивките од ваквиот тип на инвестиции. Покрај тоа, недоволната поддршка за едукација и развој на претприемачкиот дух го ограничува растот на екосистемот.

- Ограничена хармонизација со европските директиви
  Во контекст на пристапување кон Европската Унија, Северна Македонија презема напори за хармонизација на своето законодавство. Меѓутоа, регулативата за поттикнување на индивидуалните инвеститори – бизнис ангели заостанува зад европските практики, каде што се предвидуваат детални регулативи за мрежи на бизнис ангели, инвестициски фондови и даночни поволности.

- Потреба од дигитална трансформација
  Потенцијалот за дигитализација и автоматизација на процесите, како што е регистрацијата на бизнис ангелите и следењето на нивните инвестиции, останува неискористен. Ова дополнително ја намалува ефикасноста на системот и ја отежнува транспарентноста.

Северна Македонија се наоѓа на пресвртница за создавање на модерна економска рамка која ќе ги поттикне индивидуалните инвеститори и ќе го поддржи растот на стартапите. Невоведувањето на соодветна законска регулатива ќе продолжи да ја ограничува улогата на бизнис ангелите и ќе го забави економскиот развој, особено во иновативните сектори со висок потенцијал за раст.

1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

- Отсуство на законска рамка која ги дефинира правата и обврските на бизнис ангелите.
- Ограничен интерес кај инвеститорите заради недоволна заштита и поддршка, како и непостоење на правна рамка согласно која ќе можат да ги реализираат инвестициите.
- Недостаток на поволни механизми за пристап до капитал за стартапите.
- Ниско ниво на соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор во поттикнување на иновациите и
- Ограничена интеграција со добри европски и светски практики и политики.

## 2. Цели на предлог регулативата

Предлог-законот за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели има за цел да создаде соодветна законска рамка која ќе го стимулира инвестирањето во стартапи и иновативни компании. Целите на предлог-законот се следни:

1. Поттикнување на индивидуалните инвеститори – бизнис ангели:

Регулирањето на улогата на бизнис ангелите во економијата ќе ја зголеми нивната активност преку обезбедување правна сигурност и јасно дефинирани права и обврски. Законот ќе овозможи зголемување на довербата кај инвеститорите и ќе ги мотивира да вложуваат во компании со висок раст.

2. Стимулирање на инвестиции преку даночни ослободувања:

Воведувањето даночни олеснувања за бизнис ангелите, како што се ослободување од данок на личен доход по основ на дивиденди и капитални добивки, ќе служи како значаен поттик за зголемување на инвестициите во мали и средни претпријатија.

3. Подобрување на пристапот до капитал за стартапи:

Законот ќе создаде поволна средина за стартапите и иновативните компании, кои често се соочуваат со ограничен пристап до финансии. Преку инвестициите на бизнис ангелите, ќе се обезбеди не само финансиска поддршка туку и знаење, менторство и деловни контакти.

4. Поддршка за развој на мрежи на бизнис ангели:

Законот ќе овозможи формирање и поддршка на мрежи на бизнис ангели како непрофитни организации. Овие мрежи ќе го олеснат вмрежувањето на инвеститорите, размената на искуства и идентификацијата на нови можности за инвестирање.

5. Поттикнување на иновации и претприемачки дух:

Со обезбедување на капитал и експертиза за иновативни проекти, законот ќе придонесе за создавање на нови производи, услуги и технологии кои ќе го зајакнат економскиот раст.

6. Преземање на најдобрите практики од ЕУ и светот:

Предлог-законот е изготвен врз основа на најдобрите искуства и практики од Европската Унија и глобалниот пазар, со цел да се создаде регулаторна рамка која ги одразува современите потреби на инвеститорите и стартапите. Интегрирањето на овие практики во Предлог-законот ќе овозможи воведување на проверени механизми за стимулирање на бизнис ангелите и за зајакнување на претприемачкиот и стартап екосистемите во Северна Македонија.

7. Подобрување на економската конкурентност:

Со зголемување на инвестициите и поддршката за мали и средни претпријатија, законот ќе придонесе за зголемување на продуктивноста, иновациите и извозниот потенцијал на земјата.

8. Придонес кон социјалниот и регионалниот развој:

Инвестициите на бизнис ангелите ќе придонесат за отворање нови работни места, зголемување на претприемачките активности и во помалку развиените региони и подобрување на животниот стандард на граѓаните кои ќе имаат директни и индиректни бенефиции од инвестициите на бизнис ангелите.

Со овие цели, законот ќе претставува значаен исчекор за стимулирање на економскиот раст и претприемачкиот екосистем во Северна Македонија.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Со опцијата „не прави ништо" се задржува постојната состојба, при што не се преземаат дополнителни мерки за регулација или поддршка на бизнис ангелите и стартапите. Оваа опција подразбира изоставување на активности за создавање законска рамка која би ги стимулирала инвестициите во иновации и стартапи, оставајќи ги актуелните предизвици нерешени.

Позитивни аспекти:

- Нема дополнителни административни трошоци,
- Бидејќи не се потребни нови ресурси за спроведување, администрацијата нема да се соочи со финансиски или кадровски оптоварувања поврзани со креирање и управување со нова регулатива.
- Избегнување на ризици поврзани со имплементацијата.

Негативни аспекти:

- Недоволна поддршка за стартапите

Задржувањето на постојната состојба ќе ја ограничи можноста за раст и развој на стартапите, кои често се соочуваат со финансиски бариери. Недостатокот на специјализирана поддршка може да резултира со ограничен развој на стартап екосистемот и пропуштени можности за иновации, и тоа:

- Продолжена правна несигурност за бизнис ангелите:

Бизнис ангелите ќе продолжат да работат без јасно дефинирани права и обврски. Ова ќе ја намали нивната доверба во системот и ќе ги обесхрабри да инвестираат во компании со висок ризик, особено во стартапи.

- Недостаток на даночни стимулации:

Без нови механизми за даночно олеснување, индивидуалните инвеститори ќе останат со ниска мотивација за вложување во мали и иновативни компании. Ова ќе

го задржи ниското ниво на капитални инвестиции, што е неопходно за поттикнување на претприемачкиот дух.

- Ограничување на претприемачките активности:
Без регулаторна рамка која поттикнува инвестиции, иновативните проекти ќе се соочуваат со тешкотии во обезбедување финансии, што ќе ги спречи да достигнат повисоко ниво на развој и да создадат конкурентни производи и услуги.

- Неможност за интеграција со меѓународните практики:
Северна Македонија ќе продолжи да заостанува зад развиените економии во создавањето на поволна средина за бизнис ангелите, што ќе ја намали нејзината атрактивност за домашни и странски инвеститори.

- Губење на потенцијалот за економски раст:
Непридонесувањето за зголемување на инвестициите во иновативни сектори ќе резултира со пропуштени можности за економски раст, отворање нови работни места и подобрување на продуктивноста.

Иако оваа опција „не прави ништо“ има предност во избегнување на дополнителни административни трошоци и ризици, нејзините негативни аспекти ги надминуваат придобивките. Со задржување на постојната состојба, стартапите, бизнис ангелите и економијата како целина ќе продолжат да се соочуваат со пречки кои го ограничуваат развојот и конкурентноста на Северна Македонија.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Со донесување на Предлог-законот за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели се воспоставува современа и соодветна регулаторна рамка која ќе го стимулира инвестирањето во стартапи и иновативни компании. Предлог-законот го препознава значењето на индивидуалните инвеститори – бизнис ангели како клучен фактор за економски раст и развој, а со тоа воведува конкретни решенија за идентификуваните проблеми во областа.

Воедно, со Предлог-законот се регулираат неколку значајни аспекти за поддршка на бизнис ангелите и стартапите во Северна Македонија, а тоа се:

- Јасно дефинирање на улогата на бизнис ангелите
Со законски дефинирани права и обврски, се овозможува правна сигурност за инвеститорите, што ќе ја зголеми нивната мотивација за вложување во компании со висок раст.

- Воведување даночни ослободувања

Овие поволности ќе вклучуваат ослободување од даноци на капитални добивки и дивиденди, со што ќе се поттикне поголема заинтересираност кај инвеститорите.

- Создавање на мрежи на бизнис ангели

Со поддршка за основање на мрежи, инвеститорите ќе можат поефикасно да разменуваат информации, да идентификуваат инвестициски можности и да соработуваат за поголеми вложувања.

- Подобрување на пристапот до капитал за стартапи

Со олеснување на пристапот до финансии, ќе се поттикне развој на стартап екосистемот и ќе се овозможи создавање на иновативни производи и услуги.

- Преземање на најдобрите практики од ЕУ и светот

Законот ги инкорпорира проверените механизми и искуства од напредните економии за поттикнување на бизнис ангелите, како што се транспарентноста, мониторингот и иновациските фондови.

- Поттикнување на дигитализација

Воведување дигитални алатки за регистрација на бизнис ангелите, следење на инвестициите и олеснување на процедурите.

Овие новини во Предлог-законот се насочени кон решавање на идентификуваните пречки и слабости во постојниот систем. Со воведувањето на овој закон, ќе се воспостави правна основа која ќе обезбеди правна сигурност, ќе ја зголеми довербата на инвеститорите и ќе ја подобри конкурентноста на стартапите.

Предлог-законот обезбедува јасно уредување на сите аспекти кои се значајни за работењето на бизнис ангелите и стартапите, што е клучен чекор за подобрување на економскиот амбиент, поттикнување на иновациите и зголемување на конкурентноста на македонската економија.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

### 4.1 Економски влијанија

Опција 1. „Не прави ништо“

За опцијата „не прави ништо“ предвидени се само негативни економски влијанија. Доколку не биде донесен Предлог-законот за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели, ќе продолжат постојните пречки за развој на стартап екосистемот. Ова ќе резултира со недостиг на капитал за иновативните компании и ќе го ограничи нивниот потенцијал за раст.

Недонесувањето на законот ќе ја задржи правната несигурност за бизнис ангелите, што ќе ги демотивира да инвестираат во нови проекти. Дополнително, недостатокот на даночни стимулации и соодветна поддршка за стартапите ќе го намали интересот за претприемачки активности, што ќе ја задуши конкурентноста на македонската економија во споредба со земјите од регионот кои имаат воведено слични законски рамки.

Правната и институционалната несигурност може да резултира со стагнација на иновациите, намалени инвестиции во стартапите и ограничен економски раст. Како последица, ќе се пропуштат значајни можности за економски развој преку стимулирање на приватни/индивидуални инвестиции.

Опција 2. „Донесување на Предлог-законот за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели“

За опцијата „донесување на Предлог-законот“ се предвидуваат позитивни економски влијанија, бидејќи тој е дизајниран да создаде стимулативна средина за бизнис ангелите и стартапите.

Законот воведува јасна и прецизна структура, која го олеснува пристапот до капитал за иновативни компании. Со обезбедување на даночни олеснувања, ќе се зголеми интересот за вложувања во стартапи, што ќе поттикне економски раст преку создавање нови производи, услуги и технологии.

Покрај тоа, законот ќе овозможи зголемување на извозниот потенцијал на стартапите и иновативните компании, што ќе ја зголеми конкурентноста на македонската економија на регионално и глобално ниво. Придобивките ќе вклучуваат отворање нови работни места и поттикнување на развојот во помалку развиените региони..

4.2 Фискални влијанија

Има фискални влијанија, во облик на даочни ослободувања од данокот на личен доход.

Иако законот предвидува даночни ослободувања за бизнис ангелите, овие мерки се пчекува да бидат компензирани со економскиот раст и зголемените приходи од нови претпријатија.

4.3 Социјални влијанија

Опција 1. „Не прави ништо“

Недонесувањето на законот ќе ја задржи ограничената поддршка за стартапите, што ќе резултира со недоволен развој на претприемачкиот дух и можности за вработување во иновативни сектори.

Опција 2. „Донесување на Предлог-законот"

Со законот се очекува зголемување на претприемачките активности, особено кај младите. Тој ќе поттикне отворање нови работни места и ќе го подобри животниот стандард преку растот на иновативните сектори.

### 4.4 Влијанија врз животната средина

Нема значајни влијанија врз животната средина.

Законот не е директно поврзан со прашања од област на животна средина, но индиректно може да поттикне инвестиции во зелени технологии преку иновативни стартапи, односно производи и услуги произлезени од стартапите.

### 4.5 Административни влијанија и трошоци

а) Трошоци за спроведување: Минимални административни трошоци. Потребни се ресурси за воспоставување регистар за бизнис ангели и спроведување мониторинг на инвестициите.

б) Трошоци за почитување на регулативата: Нема значителни трошоци. Инвеститорите и стартапите ќе работат во согласност со новите правила без дополнителни административни бариери.

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Предлог-законот за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели е подготвен преку консултации со различни засегнати страни кои имаат директен или индиректен интерес во неговото спроведување. Консултациите опфатија:

1. Претставници од јавниот сектор:
- Министерството за економија и труд, како главен носител на активностите поврзани со изготвување на законот.
- Министерството за финансии, во однос на дефинирањето на даночните олеснувања.
- Управата за Јавни Приходи

2. Претставници од приватниот сектор:

- Потенцијални бизнис ангели и инвеститори кои имаат интерес за вложување во стартапи.
- Стартап заедници и претприемачи, кои го нагласија значењето на пристапот до капитал и поддршката за иновации.
- Претставници од трговските комори и деловните асоцијации.

3. Експерти и академска заедница:
- Експерти од областа на иновации и инвестиции кои придонесоа со предлози базирани на најдобрите меѓународни практики.
- Академски институции кои истражуваат и промовираат претприемништво.
- Инкубатор при Универзитетот на Југоисточна Европа

Начин на вклучување:
- Организирање на работилници и состаноци со засегнатите страни.
- Јавна консултација преку ЕНЕР платформата (Електронски национален регистар на прописи), каде текстот на законот ќе биде достапен за коментари од јавноста.
- Индивидуални средби со претставници од стартап заедниците и инвеститорите.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Консултациите произлезени од организираните работилници и состаноци со засегнатите страни и индивидуалните средби со претставници на стартап заедниците и инвеститорите, резултираа со добивање на низа предлози и мислења, од кои значаен дел беа вградени во текстот на законот.

Клучни мислења кои беа вградени:
- Воведување на даночни олеснувања за бизнис ангелите, со цел да се поттикне нивната активност и да се олесни инвестирањето во стартапи.
- Вклучување на мерки за поддршка на мрежите на бизнис ангели, кои ќе овозможат поефикасно поврзување на инвеститорите и стартапите.
- Прецизно дефинирање на правата и обврските на бизнис ангелите, за да се обезбеди правна сигурност.
- Воведување на транспарентен регистар на бизнис ангели, кој ќе биде достапен за сите засегнати страни.

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

Нема. Сите релевантни и применливи мислења добиени од засегнатите страни беа разгледани и вградени во текстот на Предлог-законот, каде што тоа беше можно.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Опција 1: „Не прави ништо“

Позитивни влијанија:
- Нема дополнителни административни трошоци за спроведување на нова регулатива.
- Избегнување на потенцијални ризици поврзани со неправилна имплементација на нови правила.

Негативни влијанија:
- Стартапите ќе продолжат да се соочуваат со ограничен пристап до капитал и ресурси, што ќе го спречи нивниот раст и развој.
- Бизнис ангелите ќе останат без правна заштита и со ниска мотивација за инвестирање.
- Пропуштени економски и социјални придобивки од зголемените инвестиции и развојот на иновативни сектори.
- Северна Македонија ќе продолжи да заостанува зад земјите кои веќе имаат воспоставено слични регулативи.
-

Опција 2: „Донесување на Предлог-законот за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели“

Позитивни влијанија:
- Јасно дефинирање на улогата на бизнис ангелите, што ќе обезбеди правна сигурност и ќе ја зголеми нивната активност.
- Воведување на даночни ослободувања и мерки за поддршка, што ќе ги стимулира инвестициите во стартапи.
- Поттикнување на економскиот раст преку иновации, отворање нови работни места и подобрување на конкурентноста.
- Преземање на најдобрите практики од ЕУ и светот, што ќе ја подобри атрактивноста на земјата за домашни и странски инвеститори.

Негативни влијанија:
- Минимални административни трошоци за спроведување и следење на регулативата.
- Потенцијален ризик од иницијални предизвици во воспоставување на новите процеси.

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Нема значителни ризици. Донесувањето на Предлог-законот е внимателно дизајнирано врз основа на најдобрите практики и искуства, што го минимизира ризикот од неправилна имплементација.

6.3 Препорачано решение со образложение

Препорачано е Владата на Република Северна Македонија да ја разгледа и усвои Опцијата 2: Донесување на Предлог-законот за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели.

Предлог-законот е дизајниран да одговори на постојните предизвици и да создаде стимулирачка правна рамка која ќе го зголеми интересот за инвестирање во стартапи и иновативни компании. Со воведување на јасни правила, даночни олеснувања и поддршка за мрежите на бизнис ангели, ќе се поттикне развојот на претприемачкиот екосистем и ќе се обезбеди економски раст.

Законот е подготвен врз основа на најдобрите практики од ЕУ и светот, со фокус на создавање поволна средина за инвеститорите и стартапите. Тој ќе овозможи Северна Македонија да се позиционира како атрактивна дестинација за инвестиции и ќе ги зајакне локалните економии преку развој на иновации, отворање нови работни места и поттикнување на извозот.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

За ефективно спроведување на Предлог-законот за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели, ќе биде потребно:

- Усогласување на Законот за трговските друштва во деловите кои се однесуваат на регистрација и дејствување на инвеститорите.
- Ажурирање на даночни закони, со цел воведување на даночни ослободувања за бизнис ангелите (ослободување од даноци на капитални добивки и дивиденди).

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

За целосна имплементација на Предлог-законот, ќе бидат потребни следниве подзаконски акти:

1. Правилник за регистрација на бизнис ангели:

Дефинирање на условите и критериумите за регистрација.
Рок за донесување: 3 месеци по усвојување на законот.

2. Правилник за регулирање на процедуарата за операционализирање на даночните ослободувања:

Прецизно регулирање на даночните стимулации за бизнис ангелите.
Рок за донесување: 3 месеци по усвојување на законот.

3. Правилник за воспоставување на регистар на бизнис ангели:

Регулирање на техничките и процедурските аспекти за создавање и одржување на регистарот.
Рок за донесување: 3 месеци по усвојување на законот.

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување

Надлежни органи за спроведување на законот ќе бидат:
- Министерство за економија и труд - главен носител на активностите за спроведување и надзор на регулативата
- Министерство за финансии и Управата за јавни приходи - надлежни за регулирање и спроведување на даночните ослободувања.
- Управата за Јавни приходи

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на Предлог законот

- Предлог Законот ќе биде објавен на веб страната на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk
- Едукација и обука: Организирање обуки за институциите и информативни сесии за бизнис ангели и стартапи.
- Подигнување на свеста: Јавна кампања за информирање и промоција преку медиуми и настани.
- Дигитални алатки: Развој на платформи за регистрација на бизнис ангелите.
- Мониторинг: Редовно следење и евалуација на спроведувањето на законот.

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

Спроведувањето на Предлог-законот за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели ќе биде следено преку:
- Редовни извештаи: Министерството за економија и труд ќе подготвува годишни извештаи за бројот на регистрирани бизнис ангели, реализираните инвестиции и постигнатите економски ефекти.
- Мониторинг на активностите: Ќе се врши континуирано следење на работата на регистарот на бизнис ангели и ефективноста на воведените даночни олеснувања.
- Анкети: Со бизнис ангелите и стартапите ќе се спроведуваат анкети за мерење на задоволството и предизвиците при користење на новата регулатива.

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД**

8.2 Евалуација на ефектите од Предлогот законот и рокови

Евалуацијата на ефектите од законот ќе се спроведува на следниве начини:

- Првична евалуација: Ќе се изврши по две години од примената на законот за оценка на почетните резултати.
- Сеопфатна евалуација: Ќе се изврши по пет години, со анализа на долгорочните економски и социјални ефекти, како и идентификација на потребата од дополнителни измени.
- Клучни индикатори: Ќе се користат показатели како број на регистрирани бизнис ангели, обем на реализирани инвестиции, создадени стартапи, отворање нови работни места и ефекти врз економскиот раст.

Овие мерки ќе обезбедат континуирано следење и оценка на успешноста на законот, со можност за воведување измени и подобрувања врз основа на добиените резултати..

**Изјава од државниот секретар**

**Предлог Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и за трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 21-08-2025 **2025 година**

**Jumni Ademi**
**потпис на државен секретар**

J.Ademi

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 21-08-2025 **2025 година**

**МИНИСТЕР**
**MINISTER**
**Besar Durmishi**

Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД - MINISTRIA E EKONOMISË DHE PUNËS * Скопје-Shkup *